

Д-Р АНЕТА ЈОВКОВСКА
ДОЦЕНТ

# ВОСПИТНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОПОВЕДИТЕ И БЕСЕДИТЕ ОД АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ

## АПСТРАКТ

Архиепископот Доситеј, како прв архиепископ на Македонската православна црква и возобновител на Охридската архиепископија, својот живот го посветил во служба на Бога и на македонскиот православен народ. Исполнувајќи ја својата христијанска и родољубива мисија, постојано бил со верниците, поучувајќи ги да негуваат благороден, мирољубив и христијански дух.

Во неговите проповеди и беседи секогаш бил присутен духот на Свети Климент Охридски, а нивната поучна содржина има големо воспитно значење не само за верниците во тоа време, на кои тој директно им се обраќал, туку и за верниците денес. Во нив се проткајуваат возвишените евангелски пораки за одликите што треба да ги поседуваат христијаните: љубов кон сите луѓе, градење и негување на мирот, зачувување на сите придобивки, а истовремено, спротивставување на сите негативности што го притискаат современиот свет. Затоа, проповедите и беседите од архиепископот Доситеј претставуваат ретка духовна вредност и ја збогатуваат духовната ризница на светата православна црква.

Денес се соочуваме со многу животни проблеми при чие решавање се зголемува важноста на духовните и на моралните вредности како никогаш порано. Лицето што го гради својот живот на силна духовна основа и во согласност со христијанските вредности е во состојба да се чува од очај во тешките времиња и храбро да надмине сè. Само светлината на божествената вистина, рефлектирана во инспиративните проповеди на големите духовници на црквата, може да ѝ влијае на една личност во надминувањето на современата несигурност и конфузија. Ништо не може да го замени Божјиот збор, кој е „жив и делотворен“ (Евр. 4:12) и кој самиот Бог му го дал на човештвото како покажувач во привременото земно патување на патот кон вечноста.

Православната црква е повикана да му го пренесе на општеството зборот на духовното и на моралното просветлување. Нејзиниот глас мора да се слушне и да се разбере, бидејќи овој глас звучи како исполнување на мисијата заповедана од Бога: „Одете и научете ги сите“ (Мат. 29, 19). Секој што сака да слушне и кој го отвора срцето за да се поучува на вистината, станува вистински образована личност и учесник во вечниот блажен живот уште овде на земјата.

На патот кон остварувањето на таква цел се трудат да нè поучат и големите духовници на современото време. За еден од нив со право го сметаме архиепископот Доситеј, кој целокупниот свој живот го посветил работејќи за доброто на македонскиот народ, за растежот на црквата, за благосостојба и мир во светот. Тој, угледувајќи се на Свети Климент и на Свети Наум – охридските чудотворци – и на другите македонски светители, со голема ревност и пожртвуваност ја извршувал својата возвишена должност, користејќи ја секоја можност да ги поучи македонските православни христијани во верата – воспитувал и со својот живот им давал личен пример на верните.

Како мудар духовник, тој ги водел верните кон остварување на вечните вредности. Неговите проповеди се исполнети со татковска љубов и непосредност. Во нив доаѓа до израз неговата длабока вера во Бога и неговото непосредно дејствување во црквата. На верниците секогаш им се обраќал со грижливост и татковска љубов, нарекувајќи ги:„возљубени мои деца во Господа!“, „мили мои духовни чеда“, „возљубени браќа и сестри“, „деца мои, радост моја духовна“, „верни чеда“, „ве целам со духовниот целив на љубовта за мир!“ А, пак, верниците му возвраќале со полно послушание, почитувајќи го како духовен татко и поглавар на Македонската православна црква. Од нив секогаш бил пречекуван со неизмерна радост и љубов, и со голема почит кон неговата црковна и родољубива пожртвуваност.

Проповедите и беседите на архиепископот Доситеј покажуваат тематско разнообразие. Од нив верникот може да се поучи за правилното празнување на празниците, за достојното однесување во Божјиот храм, за добродетелите, за праведноста и љубовта кон ближните, за љубовта кон татковината, за спасението, но најмногу од сè тој љубел да ги поучува христијаните како да го негуваат и да го зачуваат мирот. Од духовните чеда барал да настојуваат да се ослободат од злото и да бидат носители на мирот и добрата волја; да бидат сејачи на љубовта и мирот. Пред сè, од нив барал да бидат во мир со Бога, а потоа во мир и добри братски односи со сите луѓе[1]. „Сите очекуваат постигнувањата во животот да бидат запазени, радостите во животот да бидат полни. Но, без мир на земјата и добрата волја меѓу луѓето нема радости и просперитет... активно да се бориме да се сочува мирот, да се отстранат сите пречки кои го загрозуваат мирот и да бараме да се најде мирољубиво решение за сите неспоразуми кои постојат помеѓу одделните држави и народи“,[2] поучувал архиепископот Доситеј.

Архиепископот сметал дека православната црква, проповедајќи го мирот, ја врши својата света должност спрема Бога и луѓето и ја издига идејата за мир меѓу народите како нешто свето, потребно и важно. Со тоа Црквата го дава својот придонес за зачувување на светот и сите културни придобивки во него од целосното уништување. И на овој начин таа е виден фактор во општеството, кое може само во мир да се усовршува и да напредува[3]. И, навистина, животот ни докажува дека само преку мирот човештвото може да си обезбеди работа, благосостојба и слобода. А, таквиот мир треба да биде дело на сите народи. Најмалото отстапување – отсуство и на најмалобројниот народ од учеството во изградбата на мирот, се одразува со недостиг на работа, благосостојба и слобода. А, токму од ова произлегуваат страдањата кај луѓето. Затоа, архиепископот Доситеј сметал дека „мирот е најголемото и најдрагоцено благо за човекот, затоа што само со мир е возможен среќен живот... Затоа, пред секој човек стои долг не само да го проповеда и сака мирот, но и самиот да биде миротворец“[4].

Поаѓајќи од сите наши досегашни постигнувања, ние уште повеќе се убедуваме дека навистина само преку евангелскиот мир меѓу сите народи може да се отстрани од луѓето недовербата, стравот и насилството, а со тоа, воедно, и огромните расходи за братоубиственото вооружување, што треба да бидат употребени за напредна и хуманитарна изградба. „Потребно



1 Според Проповед на архиепископот Доситеј за Нова Година – Обрезание Христово, *„Весник“, Службен лист на Македонската православна црква*, бр. 1, година XII, јануари–февруари 1971, стр. 9.

2 Новогодишно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број. 6, година VI, Скопје, ноември–декември 1965, стр. 205.

3 Според Божикно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број. 6, година VIII, Скопје, ноември–декември 1966, стр. 146-147.

4 Божикно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 6, година VI, Скопје, ноември–декември 1965, стр. 202–203.

е да бидеме трудбеници во делото за остварување на љубовта, братството, слогата и единството со сите народи во името на мирот“[5], поучувал архиепископот Доситеј.

Друга вредност на која архиепископот Доситеј често ги воспитувал христијаните во своите поучителни проповеди е љубовта кон татковината. Од верниците барал да дадат сѐ од себе за понатамошен процут на татковината, велејќи им: „Нашата Црква ве моли со својот патриотизам да бидете уште поприлежни трудбеници во изградбата и напредокот на нашата татковина, а со својата верност и преданост да го продолжите угледот за преуспевањето на Христовата црква, врз која да цутат помеѓу вас убавите наши прадедовски обичаи, светите празници и високиот морал. За ваше евангелско добро, катадневно грижете се и со искрени молитви Господ да ги облагороди нашите срца и оплемени нашите души за да го остваруваме мирот Божји.“[6] Го поучувал македонскиот народ да ги негува битот, името, јазикот, верата и обичаите, како нешто што ни е најсвето и најскапоцено[7] и сметал дека „сите сме повикани и должни како чесни граѓани да ги пазиме интересите на нашата држава и Црква, како и да работиме за престиж и напредок“[8] на татковината.

Архиепископот Доситеј ги повикувал христијаните да Му принесуваат свои дарови на Христос, велејќи: „Нашите дарови се разликуваат од оние на мудреците, бидејќи ние наместо злато, ќе принесеме своја длабока вера во Него – нашиот Спасител; наместо ливан, ќе искажеме надеж во Него – нашиот Промислител; наместо смирна, ќе дадеме синовска љубов кон Него – нашиот Искупител.“[9] Во духот на евангелското учење, архиепископот Доситеј ги воспитувал верниците да му служат на Бога со сите дарби што ги поседуваат: „Бог сака да дејствува преку нас: сака да Му служиме и на Него и на нашите ближни со дарбите што ни ги дал. И со најскромните дарби што ни ги дал, ако ги употребуваме за Негова слава и прослава, ако со нив им служиме на нашите ближни, знајте дека преку тоа ќе се осветуваме и приготвуваме да станеме учесници и членови на Небесната Црква.“[10]

Имајќи предвид дека е милосрдието дадено од Бога како заповед на љубовта, архиепископот Доситеј дал јасна и конкретна порака до верниците за давањето милостина, велејќи: „Оној што во своето срце не е милосрден, кој не го познава сострадањето и братољубието, беспатен и безжизнен е неговиот пат. Тој секојдневно може да принесува на Бога жртва и со својата уста да го слави Христа, но далеку е од Него, бидејќи Господ кажа: 'Милост сакам, а не жртви!'“[11] Во друга пригода вака воспитувал за милосрдието: „Поучени од нашиот Спасител и ние треба нашата љубов и милост најнапред да ја излеваме врз слабите и болните. Да ги помагаме оние кои имаат потреба од нашата помош, да се молиме за заблудените и нив Господ да ги избави и спаси. Притоа, ние треба да знаеме дека не даваме ништо свое, туку од она што Бог нам ни го подарил. Затоа, да ја отстраниме себичноста од нашите срца и да ги исполниме со милост и кротост, зашто само милостивите ќе бидат помилувани и само кротките ќе ја наследат земјата.“[12] Милостивиот како плодна маслина во домот Божји никогаш не останува без надеж во Бога, туку таа секогаш му цути, па наликува на вечно расцветано дрво. Блажен е милостивиот, зашто ќе биде наследник на Царството, приготвено од почетокот на светот. На милостивите Господ им вели: „Дојдете, вие благословени од мојот Отец, наследете го царството кое ви е приготвено од почетокот на светот; зашто гладен бев и Ми дадовте да јадам, жеден бев и Ме напоивте, странец бев и Ме примивте, необлечен бев и Ме облековте, болен бев и Ме посетивте, во затвор бев и Ми дојдовте“ (Матеј 25, 34).

Освен што очекувал од христијаните да го принесат својот дар кон Христа и да бидат милостиви кон оние што имаат потреба од тоа, архиепископот Доситеј сметал дека е многу важно верниците да принесат свој доброволен прилог за изградба на храмовите. На таков начин тие ќе го крепат православниот дух, ќе ја продлабочуваат верата и ќе ја засилуваат љубовта кон Бога и кон блиските. Тој велел: „Градиме ракотворни храмови за да ни помогнат самите полесно да станеме живи храмови на живиот Бог! Но, тие храмови ќе бидат Божји само ако во нив влегуваме со чисто срце и ги направиме пријатно живеалиште на Бога. Треба да се стремиме кон очистување од секаква нечистота во телото и душата. Дај Боже вашите души да бидат пријатно и плодно живеа-

5 Божикно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 5 и 6, година II, Скопје, септември–декември 1960, стр. 115–116.

6 Исто, стр. 116.

7 Според Велигденско послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 2, година XVI, Скопје, март–април 1974, стр. 34–35.

8 Свечен говор на архиепископот Доситеј по повод патрониот празник на Македонската православна црква - свети Климент Охридски, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 5 и 6, година II, Скопје, септември–декември 1960, стр. 119–120.

9 Божикно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 6, година VI, Скопје, ноември–декември 1965, стр. 202–203.

10 Проповед на архиепископот Доситеј по повод храмовиот празник на црквата „Св. Димитриј“ во Скопје, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број. 6, година XIV, Скопје, ноември-декември 1972, стр. 213–214.

11 Божикно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 5 и 6, година V, Скопје, септември–декември 1963, стр. 126–127.

12 Божикно послание на Архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ,* број 6, година XX, Скопје, ноември–декември 1978 стр. 170–171.

лиште на Бога.“[13] Воедно, ги повикувал христијаните почесто да ги посетуваат богослужбите во храмовите, како место каде што можат да ги споделат своите радости и таги, бидејќи Црквата е духовно лечилиште и училиште за добродетелен живот. „Сакајте го домот Божји и барајте во него мир и радост“, поучувал архиепископот[14].

Смирението и кроткоста се други вредности што архиепископот Доситеј сметал дека е многу важно да ги стекнат христијаните. Од верниците барал да изразуваат чиста љубов кон луѓето и да им служат со смиреност. Своите духовни чеда ги воспитувал да покажат смирение пред Бога и пред тајната на Неговата преголема љубов кон луѓето, како и да се трудат да ги извршуваат светите Божји заповеди[15].

Архиепископот Доситеј ги поучувал христијаните како правилно да веруваат и да живеат за да се избават од силите на гревот и да станат вистински чеда Божји. Ги воспитувал верниците да живеат во благочестие и чистота[16]: да бидат секогаш вооружени со силна вера и голема љубов[17]; да се трудат да бидат чисти и свети по тело и душа[18]; да живеат во Христа и Христос да живее во нив[19]; со чисто срце да Му се молат на Бога и да прават добри дела, зашто само со добрите дела ќе можат да се оправдаат пред Божјото лице[20]; скромноста и воздржливоста да бидат одлики што ќе ги красат нивните души[21], бидејќи во високиот стандард човекот може да го најде задоволството и да ја исполни празнината што ја чувствува, но дали таму може да ја најде смислата на животот што секој човек ја бара? Архиепископот Доситеј вака одговорил на тоа прашање: „Во високиот животен стандард човекот можеби ќе го најде телесното задоволство, но каде е она другото што се нарекува духовно

13 Проповед на архиепископот Доситеј по повод осветувањето на македонскиот храм „Св. Апостоли Петар и Павле“ во Гери – Индиана (САД), *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 5 и 6, година V, Скопје, септември–декември 1963, стр. 138.

14 Исто.

15 Според Проповед на архиепископот Доситеј на празникот Благовештение, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број. 2, година XVI, Скопје, март–април 1974, стр. 43.

16 Според Новогодишно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 6, година VI, Скопје, ноември–декември 1965, стр. 205.

17 Беседа на архиепископот Доситеј на празникот посветен на Свети Климент Охридски, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 6, година X, Скопје, ноември–декември 1968., стр. 217–219.

18 Според Славе Пројковски, Света архијерејска литургија во Драчево, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XVII, Скопје, март–април 1975, стр. 40–42.

19 Според Проповед на архиепископот Доситеј на крстопоклоната недела, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XVII, Скопје, март–април 1975, стр. 40–42.

20 Според протоѓакон Стојан Јанковски, Скромно прославен јубилејот на архиепископот охридски и македонски Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XXI, Скопје, март–април 1979, стр. 49.

21 Исто.



задоволство? (...) За нас христијаните нема двоумење. Во Светото Евангелие Господ Исус Христос вели: 'Јас сум пат, вистина и живот' (Јован 14, 6).“[22]

Сите други основи на животот, без христијанските принципи, не даваат вистински мир, меѓусебна љубов, искрена доверба и добра волја меѓу луѓето – поучувал архиепископот Доситеј и велел: „Колку и да се зборува и пишува дека христијанската вера во современиот напреден свет ја загубила својата вистинска вредност и евангелската улога, доследниот и цврстиот христијанин знае дека кога Христовите принципи би се применувале во нашиот живот онака како што Тој ги применувал, не би имало недоразбирање помеѓу сопружниците, родителите и децата; недоверба помеѓу роднините и пријателите; егоизам кај материјално богатите; омрази, неправди и војни, па дури и братоубиствени, и луѓето не би го изгубиле својот прав пат и смислата во животот, кои се единствено во Спасителот Господ Исус Христос.“[23]

Како вистински татко, архиепископот Доситеј ги утешувал верниците и ги охрабрувал да не очајуваат кога ќе паднат во искушение. Тој поучувал: „Чеда мои, ако се случи да згрешиме, не треба да очајуваме; веднаш треба да се покаеме. Господ бескрајно нè сака и ни проштева ако од срце се каеме. Сè дури сме во овој свет можеме да се ослободиме од злото и гревот и можеме да станеме деца Божји. Сè дури живееме има надеж дека можеме да се спасиме.“[24] Во друга пригода, архиепископот Доситеј вака ги воспитувал верниците: „Драги мои, не паѓајте со духот, не очајувајте ако згрешите, ако паднете. И најголемите христијански светители минале по тој пат. Патот кон моралното совршенство и светоста е тесен, наугорен и со многу пречки. Секој кој одел по тој пат паѓал и станувал, бил духовно напаѓан и повредуван, но на овој пат никогаш не бил сам. Со него бил Спасителот, неговиот ангел пазител и светителите. Ако сме паднале треба да станеме. Ако сме се извалкале во калта и нечистотиите на гревот, да се измиеме со солзите на гревот и исповедта.“[25] Наместо да очајуваат, архиепископот Доситеј ги воспитувал верниците со пост и покајание да се исчистат од гревовите, да се причестат и со искрена молитва да Му се обратат на Бога, па така ќе ја исчистат својата душа и Бог ќе ги возљуби.

Од верниците секогаш барал да пристапуваат кон Бога со искрена молитва, бидејќи искрената молитва,

22 Велигденско послание на архиепископот Доситеј, „Весник“, службен лист на МПЦ, број 2, година XVI, Скопје, март–април 1974, стр. 34–35.

23 Божикно послание на архиепископот Доситеј, „Весник“, Службен лист на МПЦ, број 6, година XII, Скопје, ноември–декември 1970, стр. 206–207.

24 Проповед на архиепископот Доситеј на празникот посветен на Свети Јован Крстител, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 1, година XII, јануари–февруари 1971, стр. 10.

25 Свештеник Драги Костадиновски, Храмов празник во Шлегово, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 6, година XIV, Скопје, ноември–декември 1972, стр. 217.

здружена со телесните лекарства, успешно ги лекува сите душевни и телесни болести. Бог е навистина бескраен во своето милосрдие, Тој секого, кој искрено Му се моли, го наградува со благодат, со она што му е потребно и корисно за неговата душа. Голема е силата на молитвата, а Бог е навистина бескраен во своето милосрдие, Тој секого, кој искрено Му се моли, го наградува со благодат, со она што му е потребно и корисно за неговата душа. Архиепископот Доситеј, имајќи ја предвид оваа вистина, ги воспитувал христијаните да Му се молат на Бога на следниот начин: „Кога се молиме на Бога да не бараме богатство, земна слава, телесно задоволство, зашто Господ знае што му е потребно на секого од нас, ами како што ни е заповедано: најнапред да го бараме царството Божјо... Да му се молиме на Бога духовно да ни помогне и духовно да нè закрепне во деновите кога наидуваат разни искушенија. Да нè развесели во деновите на жалост и страданија, да нè скроти во деновите на радост за да не се погордееме.“[26]

Архиепископот Доситеј ги воспитувал своите духовни чеда да гледаат на животот со христијански оптимизам. Бидејќи „ако така не гледаме на иднината, отстапуваме од Христа, Кој ни вети живот вечен. Секоја наша желба, секоја наша мисла нека биде проникната со силата на Божјиот Дух, секоја наша дејност да биде осветлена од Божјата Промисла, а секој наш збор да биде во духот на евангелското слово.... Да се молиме за посреќен и поубав живот, како за нас и нашите семејства, така и за целиот човечки род“[27], проповедал архиепископот. Тој ја сметал личната среќа како дел од општите успеси што ги постигнува целата заедница. Затоа, поучувал дека е потребно сите заедно да се молиме за успешен развиток на нашето општество.

Од верниците барал постојано да се преиспитуваат. Во своите мисли да го согледуваат својот изминат животен пат, постигнатите успеси и неостварените желби. Да ги анализираат своите дела, својата работа, односите со другите луѓе и на таков начин да ги воочат слабостите, за во иднина да не ги повторуваат. Според архиепископот Доситеј, погледот на секој човек треба да биде насочен напред. Човекот треба да се стреми и самиот да се бори за постигнување поголеми успеси во животот. Тоа е потребно за сите ние да бидеме пример за идните генерации.

На идните генерации им е потребен пример врз кој во иднина ќе градат здрав, светол и чист живот и ќе творат трајни вредности, сметал архиепископот Доситеј[28]. За да бидеме, пак, вистински пример за идната младина, ние треба да останеме верни и достојни чеда на Свети Климент Охридски и цврсти во исполнувањето на православната вера. Да не ги следиме лошите примери и совети, туку срцата да ни станат Божји светилишта, полни со чисти и благородни чувства, кои ќе бидат за радост на нашите родители, за напредок на татковина и за среќа и радост на сите нас. Во тој контекст, архиепископот Доситеј барал од верниците да живеат и да работат како вистински Христови чеда; да бидат добри последователи на македонските црковно-народни великани; да бидат добри родители и добри синови, добри соседи, работници и раководители во своите работни заедници и да ги сакаат ближните, не заборавајќи дека сите луѓе се наши ближни[29].

Архиепископот Доситеј вложил посебно внимание и труд во воспитувањето на богословите – идните свештенослужители на Македонската православна црква. Учениците во Македонската православна богословијата ги поучувал дека не е доволно само да ги изучат богословските науки туку главно е да сфатат дека треба да живеат според Христовата наука, да бидат Христови последователи и ученици и на тој начин добро да се подготват за да бидат достојни служители на светиот олтар, зашто ним им останува иднината на Светиклиментовата православна црква[30].

Во друга пригода архиепископот Доситеј вака ги поучувал богословите: „Човек може да изучи разни филозофии, разни науки, но пред сè треба да научи да биде човек, кој ќе зборува вистина, правда и љубов; човек кој во себе ќе има страв Божји, страв од себе грешниот; човек кој ќе се удостои да застане пред светиот олтар, пред Бога и кој како таков, во името на нашиот Господ Исус Христос ќе може да проповеда и да ги води луѓето, својот народ кон светол и свет живот... за да се удостоите да бидете свештеници, потребно е да бидете достојни и достоинствени луѓе. Да се удостоите за оваа возвишена служба, значи да се очистите, да го елиминирате сето она што не му припаѓа на човекот, што не му припаѓа на вашиот и нашиот пример – свети Климент. Само така очистени ќе можете да одите меѓу народот и да ја проповедате Божјата наука.“[31] Архиепископот ги воспитувал учениците од Богословијата да се одречат од лошите навики за време на своето школување, велејќи им: „Вие сте на една врста аске-

26 Протоѓакон Стојан Јанковски, Скромно прославен јубилејот на архиепископот охридски и македонски Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XXI, Скопје, март–април 1979, стр. 50.

27 Новогодишно послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 6, година VI, Скопје, ноември–декември 1965, стр. 205.

28 Според Велигденско послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XVI, Скопје, март–април 1974, стр. стр. 34-35.

29 Според Велигденско послание на архиепископот Доситеј, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XXI, Скопје, март–април 1979, стр. 34–35.

30 Славе Пројковски, Света архијерејска литургија во Драчево, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 2, година XVII, Скопје, март–април 1975, стр. стр. 40–42.

31 Славе Пројковски, Македонската православна црква на свечен начин го прослави 1060-годишниот јубилеј од блажениот покој на својот патрон и заштитник – свети Климент Охридски, *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број 6, година XVIII, Скопје, ноември–декември 1976, стр. 176–182.

за низ која ќе се удостоите да ви веруваат луѓето зашто ќе им говорите како од Бога избрани – во Негово име.“[32]

Од горенаведеното можеме да заклучиме дека проповедите и беседите од архиепископот Доситеј имаат големо воспитно значење и многу придонеле за духовниот развој на македонските православни христијани. Со нив тој им ги разјаснил на верниците основните принципи на христијанското учење и на христијанскиот морал. На тој начин македонскиот народ се здобивал со христијанска мудрост, со високо чувство за моралното, за љубовта кон вистината и правдата, за човекољубието, родољубието и богољубието и за нивното постигнување преку личен подвиг.

За целокупното свое воспитно дејствување во црквата, архиепископот Доситеј скромно барал верниците да произнесат благодарност не кон него, туку кон Бога, кога велел: „Ако нешто направив добро за својот народ и својата Црква, пред сè, ние сите треба да Му благодариме на Бога, на Господ Исус Христос, на Неговата мајка – Пресвета Богородица и на сите македонски светии, зашто тие ми го покажуваа правиот пат по кој требаше да одам. Тие ме учеа што требаше да правам. Тоа го правев јас, тоа правете го и вие како верници и свештеници на оваа Црква, и бидете убедени дека никогаш нема да згрешите.“[33] Нам ни останува да се огледаме на неговиот пример и да го продолжиме неговото големо дело, останувајќи со вера дека ќе остане засекогаш наш постојан молитвеник.

Архипастирот Доситеј во катедралниот храм *Света Софија* во Охрид за време на еден од многубројните настани и манифестации



32 Исто, стр. 178.

33 *„Весник“, Службен лист на МПЦ*, број. 3, година XXIII, Скопје, мај–јуни 1981, стр. 70.

Д-Р **ВИКТОР НЕДЕСКИ**
АСИСТЕНТ

# СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ЖИВОТОТ И СЛОВАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ ДОСИТЕЈ

Свети Климент Охридски е несомнено најсветлата црковна фигура што живеела и дејствувала на нашите простори. Неговата сеопфатна црковно-просветна дејност со векови останала силен мотив за плејада црковни пастири, кои се обидувале да го подражаваат неговиот пример со зборови и дела. За неговата, пак, светост се испеани бројни химни и изговорени неповторливи слова, кои со векови сведочат за неповторливиот пастирски дух на Свети Климент, кому многумина се стремеле да му се приближат. Во поновата црковна историја на македонскиот народ, како духовен пандан на овој црковен великан се јавил архиепископот охридски и македонски г. Доситеј. Роден на 7 декември 1906 г., во навечерието на празникот на Свети Климент Охридски[1], тој „откако под небесна нега успеа да изгради во себе тврдина на христољубието и родољубието, го очисти Светиклиментовиот архиепископски престол од вековните неправдини и по милоста Божја ја понесе круната на македон-

1 Д. Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, Скопје 1995, 11.